Правилник за содржината на согласност за пакување и доработување на ѓубрињата и другите услови кои треба да ги исполнуваат правните лица кои произведуваат, доработуваат, вршат пакување, како и секое друго правно лице кое ги менува својствата на ѓубрето

Службен В. на Р.М. бр: 119/2010 од 10.09.2010

Влегува во сила на: 11.09.2010

Извор: МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 17 став 5 од Законот за ѓубриња ("Службен весник на Република Македонија" бр. 110/07 и 20/09), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе.

# ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА НА СОГЛАСНОСТ ЗА ПАКУВАЊЕ И ДОРАБОТУВАЊЕ НА ЃУБРИЊАТА И ДРУГИТЕ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ПРАВНИТЕ ЛИЦА КОИ ПРОИЗВЕДУВААТ, ДОРАБОТУВААТ, ВРШАТ ПАКУВАЊЕ, КАКО И СЕКОЕ ДРУГО ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ГИ МЕНУВА СВОЈСТВАТА НА ЃУБРЕТО

## Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината на согласност за пакување и доработување на ѓубрињата и другите услови кои треба да ги исполнуваат правните лица кои произведуваат, доработуваат, вршат пакување, како и секое друго правно лице кое ги менува својствата на ѓубрето.

## Член 2

Согласноста за пакување и доработување на ѓубрињата особено содржи:
1) Податоци за производителот кој ја издава согласноста (седиште, назив, идентификациски број, одговорно лице);
2) Податоци за правното лице - корисник на согласноста (назив, единствен даночен број, матичен број, седиште и адреса, адреса на објектот кај што се врши пакување и доработување на ѓубриња);
3) Датум и место на издавање на согласноста;
4) Услови и ограничувања на производителот во врска со видот на амбалажата која ќе се користи;
5) Видот на ѓубриња за чие пакување и доработување се издава согласноста;
6) Времетраење на согласноста;
7) Потпис и печат од овластеното лице на производителот;
8) Други елементи за кои производителот и правното лице постигнале согласност дека треба да се содржани во согласноста.

## Член 3

(1) Правните лица кои произведуваат, доработуваат, вршат пакување, како и секое друго правно лице кое ги менува својствата на ѓубрето, покрај со закон утврдените услови треба да поседуваат магацин кој се состои од работен и магацински дел, со задоволителен капацитет за сместување на ѓубриња, кој ќе овозможи одржување на квалитетот, како и правилно и безбедно ракување со ѓубрињата.
(2) Работниот дел од магацинот служи за престој и работа на стручните лица. Во работниот дел може да бидат сместени литература, рекламен материјал (проспекти, упаства и друго) и други помагала во работата.
(3) Магацинскиот дел служи за сместување на ѓубрињата на палети со што се овозможува одржување на квалитетот, како и правилно и безбедно ракување со ѓубрињата.

(4) Магацинскиот дел треба да има вградено соодветна вентилација за проветрување на просториите.

## Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-229/4 август 2010 години Министер, Скопје Љупчо Димовски, с.р.